Врз основа на член 383 став (1) точка 8) и член 479 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија " бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје, на седницата, одржана на 21 јануари 2020 година, донесе

# ОДЛУКА

**за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2019 година и на Финансиските извештаи за 2019 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2019 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2019 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2019 година**

Член 1

Со оваа одлука за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2019 година и на Финансиските извештаи за 2019 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2019 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2019 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2019 година се избира Друштво за ревизија и бизнис консалтинг А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје ул.„Париска" бр.50-1/8 во Скопје, врз основа на спроведена постапка за набавка од мала вредност за ревидирање на Годишната сметка за 2019 година и Финансиските извештаи за 2019 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2019 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2019 година, согласно Одлуката за избор на најповолна понуда, бр.05-3187/15 од 13.12.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.45-10336/1-19
21 јануари 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА
Оливер Спасовски

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05 - 3187/15
13 -12- 2019 20 год.-vite.
СКОПЈЕ - SHKUP

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-3187/8 од 06.12.2019 г.,Извештај за текот на е-аукцијата бр.05-3187/9 од 12.12.2019 г. одржана на ден 10.12.2019 год., Извештај од спроведена постапка бр.05-3187/10 од 12.12.2019 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**13521/2019** , Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда за Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи.

На основ на Записник од отворање на понуди бр. 05-3187/8 од 06.12.2019 г.,Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-3187/9 од 12.12.2019 г. одржана на ден 10.12.2019 г., Извештај од спроведена постапка бр.05-3187/10 од 12.12.2019 г. од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-3187/2 од 29.10.2019, со примена на постапка - Набавка од мала вредност со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Договорот за **Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи** се доделува на:

Друштво за ревизија и бизнис консалтинг
**„А & БА ГРОУП„ ДООЕЛ Скопје**
**Ул.„Париска„ бр.50-1/8, - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 3 (три) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од денот на добивањето на одобрувањето на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2019 година и на финансиските извештаи за 2019 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2019 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2019 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје со Акционерското друштво Градски Трговски Центар Скопје за 2019 година од страна на Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на акционери на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост -Скопје, да го извести понудувачот за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги

извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за економско финансиски работи и информатика за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **пет дена** од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН..

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика,
- Сектор за правни и општи работи Аце
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

изготвил: Јанко Михајловски 13.12.2019

контролирал: Анета Тодоровска

Светлана Сотировска